


# “ПРАВНИ СОВЕТИ ЗА ПОДОБРО ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ОД ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА СО ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС КОИ ИМ СЛЕДУВААТ ПРЕКУ ДОНЕСЕНИ МЕРКИ, УРЕДБИ И ПРЕПОРАКИ ОД СТРАНА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА СОЦИО- ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОВИД-19”

*Целта на овој информатор е да ги запознае вработените со нивните права од работен однос преку донесените мерки, уредби и препораки во време на кризна состојба која ја предизвика состојбата со вирусот Ковид-19.*
*Една од целите е и да ги поттикне вработените во текстилната индустрија да ги остварат односно заштитат своите права преку надлежните инспекциски служби и судовите преку воспоставената судска практика во врска со донесените уредби, мерки и препораки во време на вонредната состојба во Р. С. Македонија предизвикана од пандемијата со вирусот Ковид-19.*



## 1. ПРАВА НА ВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА КОИ ИМААТ МАЛОЛЕТНИ ДЕЦА ДО 10 ГОДИНИ БРЕМЕНИТЕ ЖЕНИ И ХРОНИЧНО БОЛНИТЕ ЛИЦА.

### ▸ На 15 - тата седница на Владата (10.03.2020 г.) донесени се следниве мерки:

*Се задолжуваат сите државни институции, а се дава препорака на приватниот сектор за вработените во институциите и фирми кои имаат малолетно дете со навршена возраст до 10 години за кого е неопходна домашна грижа, еден родител да биде ослободен од работа и работни активности и неговото отсуство за време на овој период да биде евидентирано како оправдано од работодавачот. Му се препорачува на приватниот сектор времено да ги ослободи од работа бремените жени и хронично болните лица.*

### Примена на Закон за минимална плата

### ▸ 33-та седница на Владата (2.4.2020 г.)

*Уредба со законска сила за примена на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр. 83/20)*

***•Член 2 - „Висината на минималната нето-плата за месец април, мај и јуни 2020 година изнесува 14.500 денари".***

## 2. ЕКОНОМСКИ МЕРКИ НА ВЛАДАТА ЗА ПОМОШ НА ФИРМИТЕ, СО ЦЕЛ ИСПЛАТА НА МИНИМАЛНА ПЛАТА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

### ▸ 64-та седница ( 5.6.2020 г.)

***•Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од корона вирусот Ковид-19, заради исплата на платите за месеците април, мај и јуни 2020 година***

*Работодавачот кој користел финансиска поддршка за три месеци, бројот на вработени не смее да го намалува заклучно со месец август 2020 година.*

## Проблем 1:

*На 8 работници/чки со договор за вработување на определено време, коишто ги користеле времените мерки од Владата, не им бил испочитуван договорот од страна на работодавачот. Тие биле одјавени од Агенцијата за вработување пред истекот на договорот.*

## правен совет:

• Работодавачот не може предвреме да одјави работник (пред завршување на договорот за вработување), туку треба да се испочитува договорот за вработување.

## резултати:

• Работниците/чките коишто биле на определено време, пријавија во „Гласен Текстилец“ каде од страна на здружението беа поднесени пријави до Државен трудов инспекторат, истите овие решенија беа поништени со решение од инспектор од областа на трудот и работничките се вратени на работа и повторно пријавени во работен однос, согласно со денот на одјавата.

# Проблем 2:

41 работници/чки примиле незаконски откази. Вработените биле со договор на неопределено работно време и усно биле известени да не доаѓаат на работа. На истите не им е врачена писмена одлука за престанок на работен однос, а во Агенцијата за вработување како причина за отказ е наведен спогодбен отказ.

## правен совет:

• Од разговорот со работниците/чките, евидентно е дека тие не знаат како нивните потписи стојат на издаденото спогодбено отказно решение. Со таков вид на отказ, се губи правото на здравствено осигурување и надомест во случај на привремена невработеност од Агенцијата за вработување на РСМ.
• Вработените да не се потпишуваат на празни листови, секогаш кај себе да имаат примерок од договор и анекс и претходно , внимателно да го прочитаат соодветниот документ пред истиот да го заверат со свој потпис.



ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ ЗМАИ FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

*• Доколку работодавачот има потешкотии во работењето, отказот треба да биде од деловни причини, а со тоа на работниците да им се исплати испратнина согласно нивниот работен стаж кај овој работодавач.*
*• Работодавачот при давање на отказ е должен да ги наведе причините за отказ кои може да бидат од лични или деловни причини или пак причини на вина од страна на работникот. Во ситуација кога кај работодавачот се вршат организациски, технолошки, структурни или економски промени, а поради кои има потреба од намалување на бројот на работници, истиот е должен на работниците/чките при откажување на нивниот договор за вработување, да им врачи отказ од деловни причини. Во оваа форма на отказ од деловни причини, работниците имаат право на отказен рок од 30 дена и испратнина во зависност од периодот на времетраење на работниот однос кај работодавачот.*
*• Доколку вработените имаат одредени нејасни работи,проблеми или пак се соочуваат со прекршувања на нивните права, истите може да ги пријават до Државниот трудов инспекторат или до „Гласен Текстилец" од каде ќе се проследи пријавата до соодветната институција.*
*• Во делот на отказите, доколку сметаат дека истите се незаконски, потребно е да ги запазат преклузивните рокови за поднесување на приговор до работодавачот во рок од 8 дена, како и за поднесување на тужба до надлежниот суд во рок од 15 дена, доколку не се задоволни од добиениот одговор од страна на работодавецот или доколку немаат добиено никаков одговор од работодавецот по поднесениот приговор во рок од 8 дена.*

*• Вакви неправилности „Гласен Текстилец" ги има пријавено до Државниот инспекторат за труд (ДИТ), така што работниците коишто биле на неопределено време се вратени на работа, односно ДИТ има издадено соодветни решенија на работодавачите. Ваквите откази треба да бидат поради причини на работодавач - деловни причини (потешкотии во работењето).*

**Фирми коишто давале откази регистрирани по градови, пријавено до "Гласен Текстилец":**

**Штип: 6**
**Скопје: 1**
**Велес: 1**
**Македонска Каменица: 1**



# Проблем 3:

- На голем дел од работниците и работничките коишто ги користеле времените мерки од страна на Владата им била исплатена плата пониска од минималната утврдена со Законот за минимална плата и Уредбата за примена на Законот за минимална плата.
- 70 работници/чки се обратиле до „Гласен Текстилец“ во однос на непочитувањето на оваа уредба.
- На 560 работнички/ци кои се обратиле до „Гласен Текстилец“, во редовен работен однос и не користеле мерки, исто така им била исплатена плата помала од минималната.

## правен совет:

- Работниците можат да пријавуваат до Државниот инспекторат за труд, анонимно, но и како познат подносител.
- НАПОМЕНА: Важно е само да е на писмено евидентирана пријавата преку мејл, преку страната на ДИТ или лично во подрачните единици.
- Работниците имаат можност да пријават во „Гласен Текстилец“.

## резултати:

- Работниците на кои им беше исплатена плата под законскиот минимум, а кои пријавија во „Гласен Текстилец“, на најголем дел од нив им е исплатена разликата во плата.
- Покрај пријавите до ДИТ, за фирмите кои не постапиле по наредба на ДИТ, изготвени се 4 барања до Управата за јавни приходи за фирмите коишто користеле државна помош, а исплаќаа плата под законски утврдениот минимален износ.

**Регистрирани фирми што исплаќале под минимална плата по градови, пријавени до ГТ:**

**Штип: 8**
**Делчево: 1**
**Неготино: 1**
**Валандово: 1**
**Македонска Каменица: 2**

***Овде точна бројка не може да се знае од причина што нема известувања од сите работници дали е направена корекција на платата или пак ДИТ не доставил известување.**



## 3. 24- та Владина седница (14.9.2020 г.)

*Донесена е одлука од страна на Владата за жените кои користат продолжено породилно отсуство и хронично болните лица, од 23.9.2020 година да се вратат на работа. Оваа одлука не ги опфаќа бремените и хронично болните лица кај кои болеста е во фаза на егзацербација (влошување) и за оние со малигна болест, за кои ќе биде дадена потврда со наод и мислење од лекар специјалист, врз основа на која овие лица ќе користат боледување.*

# Проблем 4:

*• 8 работнички кои сè уште ги користат времените мерки, се обратија до „Гласен Текстилец“ дека фирмите во коишто работат ги принудуваат да се вратат на работа, бидејќи во спротивно им се закануваат со откази.*

## правен совет:

*• Гласен Текстилец“ за работниците кои се обраќаат за помош, изготвува известувања до фирмите во име на бремените жени и хронично болните лица. Во прилог се испраќаат извештаи од матичен гинеколог за бремените жени и извештај од специјалист за хронично болните лица.*
*• Доколку има потреба се бара интервенција до Државниот инспекторат за труд.*

## 4. ЗАСИЛЕНИ ХИГИЕНСКИ МЕРКИ ВО РАБОТНИТЕ ПОГОНИ

**► На 15 – тата седница на Владата (10.3.2020 г.) донесена е следнава мерка:**

*Целосно да се почитуваат мерките за превенција од оваа болест, издадени од Министерството за здравство кои се однесуваат на засилени хигиенски мерки.*

# Проблем 5:

*• Според сознанијата и податоците на „Гласен Текстилец“ оваа мерка не е испочитувана од 8 фирми. Од страна на фирмите не била обезбедена заштитна опрема како маски, ракавици и средства за заштита при работа, како и неиспочитувано соодветно растојание помеѓу вработените од 1,5 до 2 метри. Во фирмите кои не одржуваа задоволително ниво на хигиена не се вршела дезинфекција на производните хали и немало сапун како основно средство за дезинфекција. Исто така имаше затворање на фирми каде што се појави поголем процент на заразени од Ковид – 19.*
*• Од страна на “Гласен Текстилец” беа испратени барања до Државен трудов инспекторат, Централен кризен штаб, како и до Државен управен инспекторат, за да се побара од Санитарен и здравствен инспекторат да ја изврши својата надлежност согласно член 17 став 7 од Законот за здравствена и санитарна*

*инспекција ("Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор се овластени да забранат дејност во објект кој претставува непосредна опасност за ширење на заразни болести и епидемија"). Испратени се повеќе барања за вонреден инспекциски надзор од страна на "Гласен Текстилец" до Секторот за безбедност и здравје при работа при Државниот инспекторат за труд, како и упатување на постојани апели до работодавачите и до Државниот санитарен здравствен инспекторат. Поголем дел од институциите се оградија од надлежност.*

## правен совет:

• *Работниците можат да пријават неправилности во „Гласен Текстилец" кое како здружение испраќа барања до Државен трудов инспекторат, Централен кризен штаб како и Државен управен инспекторат.*

## резултати:

• *Опфатени се околу 1210 работници/чки, вработени во 8 фирми, коишто пријавиле дека не се почитуваат овие мерки. Направени се инспекциски надзори во сите 8 фирми од страна на Државниот трудов инспекторат.*

### 1. Донесени се мерки и уредби со цел регулирање и организирање на организираниот превоз на вработените.

▶ *На 25 – тата седница на Владата (21.3.2020 г.) донесена е следнава Мерка - „Да се организира меѓуградскиот и јавниот превоз со ограничување на капацитетот за превоз на патници за 50% во возилото, или со задолжително одржување на растојание од најмалку два метри меѓу патниците".*

### 5. На 43-тата седница на Владата (16.4.2020 г.) донесена е

### УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА („Службен весник на РСМ" Бр. 103/20)

• *Член 3-а -- „При вршење на јавен превоз на патници, за времетраење на вонредната состојба, превозникот во возилото е должен да го организира превозот со задолжително одржување на растојание од најмалку два метри меѓу патниците и може да има најмногу 50% патници од вкупниот број на седишта, не сметајќи го седиштето на возачот". На 17-тата седница на Владата е прифатен и усвоен протоколот за превоз на патници за сите видови на превоз во време на Ковид-19, усогласен помеѓу Министерството за транспорт и врски и Министерството за здравство. Се апелира до сите граѓани и учесници во сообраќајот да ги почитуваат протоколите со цел заштита на здравјето на граѓаните.*

ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ
ЗМАИ
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# Проблем 6:

• Според податоците кои се забележани во „Гласен Текстилец", оваа мерка и уредба не била почитувана од страна на 7 фирми. Само во една фирма во краток временски период над 50 работнички се позитивни на вирусот и истите се сомневаа дека превозот е причина за нивното заболување од Ковид-19. Непочитувањето на оваа уредба придонесе за ширење на вирусот и на останатите работнички.

• Оваа уредба е повлечена на почетокот на јули. Мерката за држење дистанца помеѓу работниците во јавниот превоз не е испочитувана,не е обратено доволно внимание за безбедноста на вработените при транспортот, што резултираше со зголемување на бројот на заболени работници. Уредбата е вратена по интервенција на „Гласен Текстилец" дека организираниот превоз на вработените придонесува кон зголемување на бројот на заразени работници.

## правен совет:

• Работниците можат да го пријават проблемот до „Гласен Текстилец" кое како здружение испраќа барања и известувања до Централниот и Општинскиот кризен штаб.

• Исто така побарани се интервенции од страна на Министерство на внатрешни работи и општинскиот сообраќаен инспектор.

## резултати:

• По укажување од страна на „Гласен Текстилец", во Штип само во еден ден извршени се над 20 надзори врз превозот на вработените и спроведени се санкции врз превозниците од страна на МВР.

Интервенција во врска со превозот е извршена во и надвор од Штип.

По интервенција на МВР, превозниците постапиле согласно претходно донесената Уредба од страна на Владата на РСМ, со тоа што капацитетот на превозните средства беше исполнет до максимални 50%.

**Контакт за пријавување неправилности:**

**Гласен Текстилец: 078 312 365**

**Државен инспекторат за труд: 02 3296 310; и 151 31**

*Информаторот е изработен во рамките на проектот „Одговор на социо-економските ефекти од КОВИД-19 преку поддршка на ранливите групи на ниско-платени работници, работници кои се дел од неформалната економија и привремено вработени работници", што го спроведува конзорциум од 6 организации составен од: Здружението „Гласен Текстилец" - Штип; Институтот за економски истражувања и политики „Finance Think" - Скопје; Здружението на млади аналитичари и истражувачи ЗМАИ - Скопје; „Аналитика" - Скопје; Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците „Достоинствен Работник" - Прилеп; и Здружение за рурален развој „ЛАГ Агро Лидер" - Кривогаштани, со финансиска поддршка на Фондација Отворено општество – Македонија.*

*Содржината на материјалот е единствена одговорност на авторите од „Гласен Текстилец" и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Фондација Отворено општество – Македонија.*